ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2022 05 01/1

Скопје, мај 2023 година

С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 37 |
| Финансиски извештаи за 2021 година: | |
| Биланс на приходи и расходи | 38 |
| Биланс на состојба | 39 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | 40 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 41 - 43 |
| - Сметководствени политики | 44 - 45 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 46 –50 |

Прилог бр.1 - Известување за извршена проверка на превземените мерки од страна на субјектот
Прилог бр.2 - Одлуки за престанок на финансирање на филмски проекти
Прилог бр.3 - Преглед на повеќе прикажани обврски по склучен преддоговор
Прилог бр.4 - Филмски проекти/фестивали од национален интерес -утврдени состојби во делот на исплатите на надоместоци
Прилог бр.5 - Филмски проекти/фестивали од национален интерес -утврдени состојби во делот на признавање на расходите
Прилог бр.6 - Филмски проекти од национален интерес - утврдени состојби во благајничкото работење
Прилог бр.7 – Забелешки кон Конечен извештај
Прилог бр.8 – Одговор на забелешки на Конечен извештај

Кратенки користени во извештајот:

Агенција – Агенција за филм
ЗФД – Закон за филмската дејност;
ЗЈВФК – Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
Влада - Влада на Република Северна Македонија
МФ – Министерство за финансии
ДФ –Долгометражен филм
КФ – Краткометражен филм
УО –Управен одбор
НУ – Национална установа
ЗЈН –Закон за јавните набавки
Правилник –Правилник за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериуми за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност
ДФР – Друштво за филмски работници

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 23 - 420/7
Дата: 08.05.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, на сметката на основен буџет (603) за 2021 година.

Со извршената ревизија изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2021 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (603) за 2017 година при што изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на преземените мерки по дадените препораки кои се презентирани во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година по кој е издаден Преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Со оваа ревизија извршена е проверка на статусот на спроведување на препораките и е утврдено дека до денот на вршење на ревизијата од вкупно 23 дадени препораки од страна на Агенцијата се спроведени 5 препораки, делумно се спроведени 6 препораки, во тек е спроведувањето на 3 препораки и не се спроведени 9 препораки (Прилог бр.1).

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2021 година констатирани се следните состојби:

- не се донесени пишани процедури за текот на движење на документацијата за

процесот на плаќање и процесот на финансирање на проекти, со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот;

- не е доставен предлог од страна на Агенцијата до Владата за носење на Стратегија за развој на филмската дејност, заедно со акциски план и дефинирани активности, носители, мерки, индикатори за евалуација, рокови и извори на средства;
- ненавремено усвојување, доставување до Владата и нецелосно објавување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата;
- невоспоставена единица за внатрешна ревизија согласно законската регулатива,;
- не се донесени деловници за работа и слабости во делот на активностите на филмските советници, рецензенти и на финансискиот советник, што може да влијание на субјективно постапување при изборот на филмски проекти во претходно спроведените и идните конкурси;
- при објавувањето на конкурси за филмски проекти и други филмски проекти Агенцијата не се придржува на задолжителните услови и критериуми од ЗФД, ниту пак има донесено интерен акт-процедура со утврдени активности и чекори кои се преземаат при спроведување на постапката по конкурсот;
- невоспоставени контроли во исполнувањето на условите од страна на продуцентските куќи пред склучување на договорите и во сите фази од реализацијата на договорите;
- неажурна евиденција на доделените проектите во сите фази на реализација и не преземени мерки за раскинување на доделените договори кај проекти кај кои е утврдено непочитување на одредбите од договорите;
- во склучените договори со продуцентските куќи утврдивме одредени слабости во поглед на:
    - следење на важноста на банкарските гаранции,
    - не придржувањето до динамиката на реализација на филмскиот проект,
    - доделување на дополнителни средства за финансирање на проект,
    - ненавремено склучување анекси на договори,
    - необезбедување на доказ за обезбедени средтва при промена на копродукциски куќи,
    - утврдени разлики помеѓу финансискиот план и приложената документција;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е извршен на начин како што е предвидено во законските и подзаконските акти;
- погрешно проценување на билансните позиции и прикажување на краткорочни финансиски обврски за финансирање на филмски проекти во поголем износ од 405.780 илјади денари;
- склучен е договор за финансирање на работењето на Друштвото и извршени исплати од страна на Агенцијата кои не се предвидени со ЗФД;
- поради недостатоци во приложената документација од страна на

продуцентските куќи предвидена со договорите за финансирање на проекти во филмската дејност и распоредување на трошоците на несоодветни ставки предвидени со финансискиот план утврдено е ненаменско користење на средствата.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи за надминување на утврдените состојби во наредниот период.

Во делот на Нагласување на прашањата за неизвесност и континуитет ревизијата известува за:

- поведени судски постапки пред надлежен суд каде Агенцијата се јавува како странка во судски спорови чие решавање зависи од идни настани чиј исход не може да се предвиди и чие решавање може да има ефект врз финансиските извештаи;
- не преземни активности за постапување со дадената кино опрема на времено користење на националните и локалните установи;
- недоследности во ангажирањето на вработени лица со договор на дело во услови кога Агенцијата од вкупниот број на систематизирани работни места има пополнетост од 31,43% .

Во делот за Останати прашања известуваме за прашања кои се однесуваат на доуредување на Законот за филмската дејност поради недоречености во делот на регулирање на поимот истакнати поединци од областа на филмот и културата, за кои недостасува критериуми за звања и квалификации за да бидат именувани како членови на филмскиот совет.

Од страна на одговорното лице на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката на основен буџет, истите се разгледани и констатирано е дека 4 забелешки не се прифаќаат, поради не доставени дополнителни докази, а останатите кои се во насока на прифаќање на констатираните состојби во извештајот претставуваат известување со кое се образложени причините за утврдените состојби и за преземените активности од страна на Агенцијата.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 38 до 40 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2021 година, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на изворите на капитални средства и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи за 2017 година и издаден е извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија застапувано од:

- Бојан Лазаревски, вд директор на Агенцијата од 15.12.2020 до 14.02.2021 година;
- Бојан Лазаревски, директор на Агенцијата од 15.02.2021 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 07.11.2022 година до 25.01.2023 година кај Агенцијата за филм на Република Северна Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 25.01.2023 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година по кој е издаден Преглед за статусот на спроведувањето на препораките. Со оваа ревизија извршена е проверка на статусот на спроведување на препораките и е утврдено дека до денот на вршење на ревизијата од вкупно 23 дадени препораки од страна на Агенцијата се спроведени 5 препораки, делумно се спроведени 6 препораки, во тек е спроведувањето на 3 препораки и не се спроведени 9 препораки (Прилог бр.1).

На ден 04.04.2023 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија бр. број 03-173/9 од 04.04.2023 година од раководното лице Бојан Лазаревски директор на Агенција за филм на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-420/5 од 04.04.2023 година, како и поднесок за доставена дополнителна документација како дополна на забелешите доставени 13.04.2023 година број 03-173/10 од 13.04.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 23-420/6.

Забелешките се однесуваат на точка 4.1.1, 4.2.1, 4.2.2, 4.2.3, 4.2.4, 4.2.5, 4.2.6, 4.2.7, 4.2.8, 4.2.9, 4.2.10, 4.2.11, 4.2.12, 4.3.2, 4.4.1, 4.4.2, 4.4.3. и 4.4.4. Истите се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано дека забелешката на точките 4.2.4. алинеја 6, 4.2.7. алинеја 5, 4.2.11, и 4.2.12. не се прифаќаат од причина што не се доставени дополнителни докази за промена на констатираните состојби, а останатите преставуваат известување и образложение за констатираните состојби и преземени мерки или мерки кои ќе бидат преземени во идниот период.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 25.01.2023 година.

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. При оценка на системот на внатрешни контроли кај процесот на плаќање и начинот на доделување и следење на реализацијата на проектите, а со цел да се утврди дали истиот е дизајниран и функционира согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор го констатиравме следното:

- не е воспоставен систем на внатрешни контроли преку донесување на пишани процедури и постапки согласно член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола со кои ќе бидат опфатени: текот на движење на документацијата за безготовинско и готовинско плаќање, како и за процесот за финансирање на проекти и тоа за: филмски проекти[1] и проекти за поддршка на пишување на домашни сценарија, организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер, како и следење на реализација на проектите во сите фази, со утврдени должности и одговорности на лицата вклучени во процесот;
- финансиските и оперативните елементи на секоја активност не се верификуваат од две меѓусебно независни лица, како што е предвидено со член 16 од ЗЈВФК;
- не е назначен одговорен сметководител согласно член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници;
- отсуство на комуникација помеѓу секторите (секторот за финансиски прашања, секторот за филмската и аудиовизуелната дејност и административниот сектор) за текот на движење на документацијата, поради што доставувањето на документацијата во сметководството е ненавремена;
- не е воспоставена ex-post финансиска контрола, која треба да обезбеди финансиските трансакции, расходите или приходите да бидат проверени, откако трансакциите ќе бидат целосно завршени што создава ризик од неоткривање и отстранување на неправилности на внатрешните контроли и подобрување на процедурите согласно член 21 од ЗЈВФК.

[1] Долгометражен, краткометражен, документарен и анимиран филм

Невоспоставениот систем на внатрешни контроли создава ризик од навремено и целосно евидентирање на финансиските трансакции во деловните книги на Агенцијата и истите да не се засновани на комплетна сметководствена документација.

Препорака

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за:

- воспоставување на соодветен систем на внатрешни контроли преку донесување на процедури и постапки за процесот на плаќање и процесот за финансирање на проекти;
- воспоставување на систем на двоен потпис;
- назначување на одговорен сметководител и
- воспоставување на ex-post финансиска контрола во процесот на плаќање.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Согласно член 5 од Законот за филмската дејност, за утврдување на среднорочни развојни насоки за остварување на националниот интерес во филмската дејност, Владата на РСМ, по предлог на Агенцијата донесува Стратегија за развој на филмската дејност за период од четири години, која содржи и акциски план за реализација со дефинирани активности, носители на активности, мерки за реализација, индикатори за евалуација, рокови за реализација и извори на буџетски и вонбуџетски средства, но истата не е донесена. Ваквата состојба е утврдена и презентирана во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2017 година, за што е дадена и препорака.

Имено за изработка на стратегијата, директорот на Агенцијата преку авторска агенција[2] ангажирал лице од странство со рок на изготвување на истата најдоцна до 01.10.2019 година. Поради непочитување на рокот за изработка склучен е анекс на договорот[3], со кој е продолжен рокот за реализација на договорот до 30.05.2020 година и истовремено е зголемен и надоместокот на авторот. Нацрт верзија на стратегијата до Агенцијата е доставена на 03.04.2020 година а на лицето му е исплатен надомест во вкупен износ од 1.323 илјади денари, во периодот од 2019 година до јуни 2020 година. До денот на вршење на ревизијата Управниот одбор нема дадено мислење за стратегијата и не е доставена до Владата за донесување на истата.

Недонесувањето на стратегијата за развој на филмската дејност има влијание врз поставувањето на целите и приоритетите во изборот на филмските проекти по годишните конкурси, утврдувањето на потребните финансиски средства за нивна

[2] Договор бр. 03-859/1 од 13.05.2019 година
[3] Анекс на договор бр.03-149/1 од 22.01.2020 година

реализација и преземањето на организациските и административните мерки за поддршка, поттикнување и развој на филмската дејност.

Препорака
Одговорното лице на Агенцијата да обезбеди мислење од Управниот одбор за изработената стратегија за развој на филмската дејност и истата да ја достави до Владата за нејзино донесување.

4.2.2. Согласно одредбите од член 33 од Законот за филмската дејност директорот на Агенцијата е обврзан еднаш годишно до Министерството за култура и до Владата да достави годишен извештај за работата на Агенцијата со податоци за проектите избрани на конкурс од претходната година и пренесените финансиски обврски за реализација на филмските проекти од претходните конкурси. По извршен увид во Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за 2021 година ревизијата утврди дека истиот, од страна на Управниот одбор е донесен со задоцнување од три месеци, односно на 01.06.2022 година, а по добиено мислење и дадено укажување од Владата за одредени корекции, на 20.07.2022 година доставено е дополнување на Годишниот извештај за работењето со податоци за пренесените финансиски обврски по филмски проекти избрани во претходните конкурси, кој до денот на вршење на ревизијата не е усвоен од Владата.

Во месец ноември, односно пет месеци по донесувањето, на веб страната на Агенцијата е објавен основниот Годишниот извештај, додека измената и дополната на истиот, со вклучени финансиски обврски по филмски проекти избрани во претходните конкурси не е објавен.

Наведените состојби не се во согласност со член 33 од Законот за филмската дејност што влијае на транспарентното работење на Агенцијата преку обезбедување на точни и сеопфатни податоци за фактичката состојба на неподмирените обврски по основ на доделени средства по проекти на конкурси во претходните години на основачот на Агенцијата.

Препорака
Директорот на Агенцијата да превземе активности за изготвување на Годишниот извештај за работа кој ќе ги содржи сите потребни информации и негово навремено доставување до надлежните органи.

4.2.3.Согласно член 30 и 31 алинеја 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола субјектите од јавниот сектор задолжително основаат единица за внатрешна ревизија со раководител и три внатрешни ревизори доколку просечниот буџет на субјектот не надминува 500 милиони денари за последните три години. Во Правилникот за систематизација на работните места и Правилникот за

внатрешната организација, не е систематизирана единица за внатрешна ревизија, иако просечниот буџет на Агенцијата го исполнува пропишаниот праг со законот.
Поради високото учество на трансферите за реализација на проектите од 83,55% во вкупните расходи на Агенцијата за 2021 година и непредвиденото одделение за контрола на доделените средства по проекти, директорот на Агенцијата со усна наредба ангажирал едно вработено лице и две надворешни лица по договор да вршат контрола на наменското и законското трошење на доделените средства по овој основ.
Невоспоставената единица за внатрешна ревизија согласно законската регулатива не може да му обезбеди на раководното лице независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на системот за внатрешна контрола во делот на користење на трансферираните средства и овозможува појава на неправилности во делот на користење на средствата при реализација на проектите.

Препорака
Одговорното лице на Агенцијата да преземе активности заизмени и дополнување на Актите за систематизација и организација на работните места со што ќе се предвиди Единица за внатрешна ревизија и соодветна кадровска екипираност.

**Финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност**

Согласно член 25 од Законот за филмската дејност, за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност Агенцијата секоја година во месец јануари објавува конкурс кој трае во текот на целата година, а одлучува по доставените филмски проекти на конкурсот два пати годишно, во април и октомври во тековната година. Со Буџетот на Министерството за култура за 2021 година во програмата 31 - Филмска дејност во основниот буџет предвидени се средства во износ од 131.711 илјади денари, а во буџетот на сметката од самофинансирачки активности предвидени се средства во износ од 71.000 илјади денари.

Согласно член 29 од ЗФД, Агенцијата учествува во финансирање на филмски проекти со средства во висина до најмногу 70% од вкупниот буџет на филмскиот проект, но не повеќе од 62.000 илјади денари, а по исклучок за дебитантски филм, со средства до најмногу 90% од вкупниот буџет на филмскиот проект, но не повеќе од 25.000 илјади денари, а во финансирање на филмски проект од посебен интерес за Република Северна Македонија, Агенцијата учествува со средства во висина до најмногу 90% од вкупниот буџет на филмскиот проект, кои може да бидат и повеќе од утврдениот праг. Во износот на средствата се содржани и средствата наменети за маркетинг, промоција, дистрибуција и изработка на ДВД на филмот.

При реализацијата на филмските проекти и нивното повеќегодишно финансирање од страна на Агенцијата, со ревизијата опфативме проекти кои се предвидени во

Годишните програми, започнувајќи од 2017 година, при што опфативме 15 филмски проекти и 4 филмски фестивали кои имаат реализација, од кои во 2021 година се исплатени средства во вкупен износ од 116.409 илјади денари и тоа од сметката на основниот буџет 81.159 илјади денари и од сметката за самофинансирачки активности 35.250 илјади денари.
Со увид во постапката за избор на проектите финансирани од Агенцијата и нивната реализација констатиравме повеќе слабости кои се однесуваат на следното:

4.2.4. За вршење на работи од надлежност на Агенцијата, согласно член 18 став 2 од ЗФД директорот на Агенцијата формира филмски совет, именува рецензенти, советници и други надворешни соработници. Во однос на нивното именување и активностите по конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документиран и анимиран филм за 2021 година го констатиравме следното:

- Согласно член 20 од Статутот, Агенцијата има донесено деловник за работа на филмскиот совет, но не е спроведена постапка за предлагање и донесување на деловник за работа на филмските рецензенти и деловник за работа на финансиските советници и тоа во рок од 30 дена од изборот, како што е предвидено во член 23 од Статутот на Агенцијата, донесен во февруари 2014 година.

- Именувањето на филмските рецензенти, потребните квалификации кои истите треба да ги поседуваат согласно видот на проектот, рокот за изработка на рецензијата, број на рецензии за кои се ангажира истиот и висината на надоместокот согласно видот на проектот и степенот на ангажираност не е уреден со одредбите од ЗФД или со интерен акт на Агенцијата. Директорот на Агенцијата за 2021 година именувал 5 филмски рецензенти за двата рока на одлучување кои биле ангажирани со различна динамика и на кои им биле исплатени надоместоци во различен износ кои се движеле од 15 до 60 илјади денари на месечно ниво.

- Избраните лица како филмски рецензенти согласно член 3 од Правилникот[4] се должни да ја оценат оригиналноста, автентичноста и квалитетот на содржината на сценариото на филмските проекти преку општи мерила кои варираат во зависност од видот на филмскиот проект (долгометражен, краткометражен документарен и анимиран филм) и за секој се утврдени максимален број на бодови и број на бодови кој филмскиот проект треба да ги освои за да истиот се квалификува. Притоа ако филмскиот проект не го освои потребниот минимален број на бодови се исклучува од натамошната оцена. Секој филмски проект е

[4] Правилник за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериуми за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност (Сл.Весник на РМ бр.97 од 26.06.2014 година)

прегледан и оценет од страна на рецензентот на кој истиот е доделен. Со извршениот увид во овој дел од постапката ревизијата ја констатира следната состојба:

- o изработените евалуациони листи од страна на рецензентите, кои содржат прашања (мерила) со кој одговор рецензентот го оценува (бодува) секој проект поединечно, не се пропишани од страна на Агенцијата;
- o не е утврден начинот на распределба на проектите по рецензенти;
- o постојат случаи кога рецензентот не ги пополнува евалуационите листи, туку директно на проектот ги дава максималниот број на бодови или воопшто не дава бодови;
- o од еден до друг рок на одлучување по одлука на директорот определен тип на проект може да се рецензира од повеќе од еден рецензент. Бодувањето претставува збир на бодови доделени од рецензентите поделен со бројот на рецензенти кои учествувале во евалуацијата.

- Согласно член 24 од ЗФД директорот на Агенцијата од редот на истакнати филмски продуценти именува еден или повеќе финансиски советници за оцена на финансиските и оперативните планови и буџетот на проектите по конкурсот. Финансискиот советник кој учествува во постапката изготвува евалуациони листи во кои доделува бодови врз основа на утврдените мерила/критериуми предвидени во член 9 од Правилникот. Со увид во еваулационите листи утврдивме дека не е дадено образложение за начинот на кој е извршено бодирањето дадено во конечната листа и утврдените износи на средствата за финансирање на проектите предмет на евалуација. Финансискиот советник ја доставува листата до Филмскиот совет кој ги презема само оценките/освоените бодови кои се дадени за секој филмски проект поодделно, но не и утврдените износи на средствата за финансирање на проектите, што не е во согласност со член 24 став 3 точка 3 од ЗФД.
- Агенцијата во објавениот конкурс не предвидела обврска за доставување на потврда за обезбеден дистрибутер на филмот, план за дистрибуција и план за маркетинг на филмот поради што и обврската за нивна оценка од страна на финансискиот советник не е исполнета а филмските проекти не можеле да бидат оценети со максималниот број на бодови, што не е во согласност со член 9 од Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериуми за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност.
- Не се презентирани Изјави за непостоење на судир на интереси за дел од членовите на Управниот одбор, филмскиот совет и финансискиот советник, што не е во согласност со член 32 од ЗФД со кој е уредено дека истите не може да учествуваат на конкурс на Агенцијата, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од Агенцијата и се должни да дадат писмена изјава дека немаат судир на интереси со поднесените барања.

- Записникот за усвојување на одлуката по конкурс за финансирање на проекти за 2021 година по втор рок на одлучување не е потпишан од членовите на Управниот одбор, што не е во согласност со член 21 од ЗФД.

Констатираните состојби во делот на работата на филмските советници, рецензентите и на финансискиот советник и носењето на предлог одлуки за избор од страна на Филмскиот совет без утврдување износите на средствата за финансирање на проектите, може да има влијание на субјективно постапување при изборот на филмски проекти.

Препорака
Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за носење на деловник за работа со кои ќе се уреди работата на филмските советници, рецензентите и финансискиот советник.

4.2.5. Агенцијата согласно член 25 став 1 од Законот за филмска дејност секоја година објавува Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документиран и анимиран филм. Конкурсот согласно член 25 став 4 задолжително треба да содржи услови за учество, приоритети, критериуми, висина на учеството на Агенцијата, начинот на користење на средствата и други релевантни информации. Условите на конкурсот за финансирање филмски проекти се уредени со член 26 од ЗФД, со кој е предвидена бараната документација која Филмскиот продуцент треба да ја достави до Агенцијата.

Со увид во постапката за објавување конкурс, административната селекција, избор на проектите и нивната реализација за 2021 година ги констатиравме следните состојби:

- Комисијата за административна селекција на пријавите, која е формирана со решение од страна на директорот не е предвидена ниту уредено нејзиното работење со одредбите од Законот за филмската дејност и Правилникот за поблиските критериуми и мерила за оцена на критериуми за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност.

Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставен е Правилник бр.01-217/1 од 30.01.2023 година за подршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм и Правилник бр.01-216/1 од 30.01.2023 година за поддршка на проекти за организација на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер во кои е предвидено работењето на Комисијата за административна селекција.

- Во годината предмет на ревизија, напуштена е праксата на кодирање на предметите, со што лицата кои учествувале во процесот на евалуација на проектите би немале информација за кој проект се работи се до конечната одлука за избор. На овој начин значително би се намалило влијанието на субјективниот фактор во процесот на одлучување.

- Со објавениот конкурс е утврдена висината на учеството на Агенцијата во финансирањето на определени групи на филмски проекти кои не се предвидени со ЗФД. Висината на учеството на Агенцијата во финансирањето на определени групи на филмски проекти е прикажано во Графикон бр.1.

Графикон бр.1

во 000 денари




- Во содржината на објавениот конкурс не се наведени задолжителните информации кои се содржани во пријавите објавени на веб страната на Агенцијата, што не е во согласност со член 25 став 4 од Законот за филмска дејност, а се однесуваат на условите за учество на конкурсот, критериумите и мерилата за финансирање, задолжителна документација која подносителот е потребно да ги достави и други неопходни информации за конкурсот.

Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставена е копија од објавениот Конкурс во јавен гласник на 01.02.2023 година во кој се вклучени и дополнителни информации за содржината на пријавите за проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за мнозинска и малцинска копродукција.

- Не е пропишан начинот на утврдување на бројот и типот на филмските проекти, висината на буџетот односно финансиската рамка која стручните тела треба да ја имаат во предвид при изборот на соодветните проекти пред секое објавување на конкурсот за спроведување на соодветниот конкурс, како и непостоењето на стратешки утврдени цели за унапредување на филмската дејност предвидено со

член 5 од ЗФД што доведува изборот на филмските проекти да се заснова на субјективна основа. Поради наведеното во вториот рок на избор, за една категорија на филмски проекти, биле одбиени три проекти кои ги поминале сите етапи на евалуација и го постигнале потребниот цензус да бидат избрани, но во тој изборен рок за таа категорија (долгометражен игран филм со малцински македонски удел) бил избран само 1 проект иако во истата категорија во изминатите години се бираат по 2 или 3 филма.

- Одлуките за прифаќање, односно неприфаќање на проектите во првиот и вториот рок на одлучување биле донесени во месец јуни и декември, наместо во април и октомври, што не е во согласност со член 25 став 1 од Законот за филмската дејност.

Непочитувањето на горенаведените одредби од ЗФД и отсуството на интерен акт процедури, со кои ќе бидат утврдени сите активности и чекори кои треба да се преземаат при спроведувањето на постапката по конкурсот овозможува субјективно одлучување при изборот на проекти кои ќе бидат прифатени, односно одбиени.

Препорака

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- носење на акти со кои ќе се предвидат финансиските лимити до кои Агенцијата учествува во финансирање на буџетите на филмските проекти и надоместокот за администрирање на истите;
- иницирање на дополнување на законот во делот на пропишување на начинот на утврдување на бројот и типот на филмските проекти, висината на буџетот односно финансиската рамка пред секое објавување на конкурсот;
- продолжување на активностите во делот на објавување на конкурс во законски утврде рок  кој треба да трае целата година и да се одлучува по доставените филмски проекти на конкурсот два пати годишно во април и во октомври во тековната година.

4.2.6. Заради континуирана поддршка и развој на филмската дејност Агенцијата, објавува конкурси за финансирање и на други проекти наведени во одредбите на член 6 алинеја 8 точка 2 од ЗФД со кој се утврдени **проекти од национален интерес** во филмската дејност кои се финансираат со средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Во текот на 2021 година од предвидените 10 основи за финансирање, Агенцијата преземала активности и објавила 3 конкурси, и тоа за:

- организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер,
- за поддршка на стручно и професионално усовршување на кадри од областа на филмот и
- за поддршка на членство во меѓународни филмски организации.

- Во 2021 година Агенцијата распишала и конкурс за **финансирање на домашни филмови и филмови со македонско малцинско учество** кои се во фаза на постпродукција, за меѓународна промоција на домашни филмови преку учество на фестивали и манифестации, за поддршка на промоција и дистрибуција на филмови во РСМ и во странство и за промоција на РСМ како филмска дестинација. Конкурсот е наменет за филмови кои претходно, по било кој основ, не биле подржани од страна на Агенцијата и за истите, до моментот на поднесувањето на барањето, не е поминато повеќе од 1 година од денот на нивното премиерно прикажување. На ден 26.03.2021 година директорот на Агенцијата носи решение за поништување на овој конкурс, со образложение дека по објавувањето на истиот, се јавила потреба за негова доработка во врска со времетраењето и условите содржани во истиот, а сите пријави кои по конкурсот пристигнале до Агенцијата нема да бидат земени во предвид.
  И покрај поништување на овој конкурс, Агенцијата исплатила средства за меѓународна промоција на домашни филмови преку учество на фестивали и манифестации без повторно објавување на конкурс. Исплатите се вршени врз основа на доставено барање со прилог спецификација на трошоците, кое на предлог на директорот Управниот одбор носи одлука и се склучува договор со избраната продуцентската куќа. За исплатените средства корисниците не доставиле наративен извештај за потрошените средства со прилог документација фактури, фискални сметки и банкови изводи во рок од 30 дена од исплатата на средствата како што е предвидено во договорот за контрола на наменското и законското користење на доделените средства од страна на Агенцијата.
  Имајќи во предвид дека овој вид на конкурс бил распишан и спроведен во претходните години, ревизијата не утврди законски основ за спроведување на конкурс и доделување на средства за меѓународна промоција на домашни филмови преку учество на фестивали и манифестации преку доделување на средства на продуцентските куќи, што не е во согласност член 6 алинеја 8 точка 2 од ЗФД каде што не е предвидено финансирање на меѓународна промоција на домашни филмови преку учество на фестивали и манифестации.

- Надлежност на Агенцијата е да финансира проекти од национален интерес во филмската дејност во кој што влегува и поддршка на домашни фестивали од меѓународно значење, што е уредено со член 4 и 10 од ЗФД. По извршениот увид во постапките што биле спроведени по Конкурсот за организирање на домашни фестивали и друг вид на филмски манифестации од меѓународен карактер за 2021 година констатиравме дека освен забелешките на немање интерни

процедури и учество на комисијата за административна селекција на пријавите нотирани во точка 4.2.5. од овој извештај, за овие конкурси карактеристично е дека критериумите и мерилата за оцена на истите не се предвидени во ЗФД. Поради горенаведената состојба ревизијата не се увери во начинот на кој филмскиот совет ја извршил евалуацијата и поединечно ги вреднувал секој од утврдените критериуми преку доделување на бодови во рамките на максимално утврдените. Утврдивме дека за два домашни фестивали кои не биле прифатени поради неисполнување на условите предвидени со конкурсот, дадено е ново мислење од страна на Филмскиот совет до директорот и врз основа на неговиот предлог Управниот одбор донел одлука за прифаќање на наведените проекти, под образложение дека со оглед на ситуацијата предизвикана со вирусот Ковид – 19 која секојдневно е неизвесна довела до прифаќање на проектите.

Отсуството на законски основ врз основа на кој ќе биде донесен подзаконски акт со кој ќе бидат утврдени критериумите и мерилата за оценка на проектите и нивната евалуација има влијание на субјективно одлучување при изборот на проекти кои ќе бидат прифатени, односно одбиени.

Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставен е Интерен Правилник донесен од страна на Агенцијата бр.01-216/1 од 30.01.2023 година за поддршка на проекти за организација на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер.

Препорака

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за иницирање на дополнување на ЗФД во делот на потребата од донесување на подзаконски акт со кој ќе бидат предвидени критериумите и мерилата за оценка на проектите и нивната евалуација.

4.2.7.Со одредбите од Законот за филмската дејност е уреден начинот и постапката на **финансирање на проектите за производство на долгометражен и краткометражен игран, документиран и анимиран филм** . По извршен увид во постапката за избор и доделување на договори за проектите финансирани од страна на Агенцијата кои беа предмет на ревизија, ги констатиравме следните слабости:

- Дел од приложените Прашалници за остварено учество на меѓународни фестивали и освоени награди на фестивали за режисерот и продуцентот се однесуваат за учество на Фестивали од М – категорија. Комисијата за административна селекција и филмскиот совет немаат обезбедено докази дека навистина продуцентот или режисерот учествувал на тие фестивали или доказ за освоена награда, кој е еден од условите согласно член 26 точка 5 и 6 од ЗФД. Агенцијата располага само со податоци за Меѓународни фестивали од А и Б – категорија кои се објавени на веб страната на Агенцијата;
- Пред склучувањето на договорот за финансирање на филмски проекти избрани на конкурс, филмскиот продуцент, во рокот утврден во преддоговорот, до

Агенцијата треба да достави договори со други продуценти, правни и физички лица со кои потврдува дека ги обезбедил во целост средствата предвидени во буџетот за реализација на филмскиот проект. Во повеќето проекти приложени се поединечни потврди за учество со финансиски удел односно потврди за намера или апликации за одобрување на средства, што не преставува доказ дека во целост се обезбедени средствата и создава неизвесност од реализацијата на проектот, што не е во согласност со член 34 став 3 алинеа 1 од ЗФД со кој се бара склучување на договори со други продуценти, правни и физички лица со кои потврдува дека ги обезбедил во целост средствата предвидени во буџетот за реализација на филмскиот проект;

- Не е уреден начинот на изготвување на финансискиот план и терминолошкото дефинирање (класифицирање) на креативните и останатите позиции за реализација на филмските проекти, поради што во верзиите кои ги добивме од различни продуцентски куќи утврдивме разлики во подготвувањето на буџетот и именувањето на поединечните ставки за кои често не се користи македонскиот јазик и кирилското писмо, ваквиот начин на работење го отежнува следењето на реализацијата на ставките по категории предвидени со договорот и доставената поткрепувачка документација;
- Кај поголем број од проектите кои беа предмет на ревизија утврдивме дека продуцентите не се придржувале кон утврдената динамика за реализација на филмот, што не е во согласност со одредбите од склучените договори и член 38 од ЗФД со кој е уредено дека правното или физичкото лице чиј проект е избран на конкурс со Агенцијата склучува договор за финансирање на проектот во кој се утврдуваат правата и обврските и динамиката на користењето на средствата што виљаело на ненавремено завршување на филмскиот проект;
- Согласност со член 34 став 3 алинеа 2 од ЗФД пред склучувањето на Договор за финансирање на филмски проекти избрани на конкурс филмскиот продуцент во рокот утврден во преддоговорот, до Агенцијата треба да достави банкарска гаранција во висина од 25% од износот на средствата кои се обезбедени од Агенцијата. Меѓутоа обезбедените банкарски гаранции се доставуваат согласно динамиката на исплата за филмот процентуално за секоја фаза на филмот (претпродукција, продукција, постпродукција, доставување на финална верзија на филмот и по позитивен извештај за наменски потрошените средства, премиера и предавање на финална копија на филмот и други материјали во Кинотека на Македонија), а за дел од проектите приложените банкарски гаранции се истечени по кои Агенцијата не преземала мерки за продолжување на истите;
- Воспоставена е пракса при склучување на анекси на преддоговорот или главниот договор истите да не се солемизираат на нотар, што не е во согласност со член 38 од Законот за филмската дејност и како таков анекс договорот нема својство на извршна исправа;

- Констатирани се отстапувања на планираните средства од законски дозволените во делот на надоместоците за авторските и другите хонорари за носителите на други улоги, односно други автори кои придонесуваат во филмот за кој треба да бидат предвидени најмногу до 2% од средствата одобрени од Агенцијата и надоместоци за другите членови на филмската екипа за кој треба да бидат предвидени најмногу до 1% од средствата одобрени од Агенцијата, што не е во согласност со член 28 од ЗФД и претставува непочитување на утврдените мерила за финасирање;
- Во досиејата приложени се документи (договори, фактури и сметки) на странски јазик, што не е во согласност со член 14 од договорите и член 48 став 6 од ЗФД каде е наведено документацијата треба да е на оригинален јазик и во превод на македонски јазик заверен од овластен преведувач;
- Контролите на наменското користење на средствата доделени од Агенцијата кои се предвидени со член 10 од ЗФД а се уредени со склучените договори се вршат со доцнење од неколку месеци, односно контролата на трансферираните средства на продуцентските куќи и фестивалите од страна на Агенцијата не се врши во утврдениот рок од најмногу 30 дена од денот на приемот на извештајот и комплетната документација;
- За дел од завршените филмски проекти продуцентските куќи во рок од 30 дена не доставиле наративен и финансиски извештај, што не е во согласност со член 39 став 1 и 2 од ЗФД.

Наведените состојби создаваат ризик од исплати на средства од буџетот на Агенцијата, за филмски проекти за кои не е обезбедена комплетна документација согласно објавениот оглас.

Препорака

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:

- донесување на интерен акт –процедура со кои ќе се утврдат сите активности и чекори при спроведување на постапката, изборот и доделување на средства на филмски проекти;
- уредување на начинот на изготвување на финансискиот план и терминолошкото дефинирање (класифицирање) на креативните и останатите позиции за реализација на филмските проекти;
- воспостават контроли на исполнувањето на условите пред склучување на договорите и сите фази од реализацијата на договорите и
- обезбедување на банкарски гаранции во износ согласно одредбите од ЗФД и навремено обновување на истите.

4.2.8. Со увид во базата на податоци за сите доделени проекти по фази за периодот 2009 - 2021 година утврдивме дека стручните служби/вработените во Секторот за

филмска и аудиовизуелна дејност на Агенцијата не вршат навремена и ажурна евиденција на проектите согласно член 40 од ЗФД, односно:

- немаат информации за реализација на проектите по фази,
- не се следат роковите за затворање на буџетот на филмските проекти и дали проектот е реализиран во рок од пет години сметано од денот на склучување на преддоговорот,
- не се врши навремено известување на продуцентите за роковите на договорите и доставување на нови банкарски гаранции,
- не се доставуваат информации до Управниот одбор за одлучување по проекти кај кои се утврдени одредени слабости (продолжување на роковите, склучување на анекси или раскинување на договори),
- не се информира дали по завршување на филмот истиот е понуден за телевизиско прикажување и т.н.

Поради наведеното во базата има нереализирани проекти и од 2009 година, за кои Агенцијата нема информација зошто истите не се затворени.

Во 2021 година врз основа на Одлуки за престанок на финансирањето на филмските проекти донесени од страна на Управниот одбор, преземени се активности за еднострано раскинување на пред-договорите, договорите и анексите за финансирање на филмски проекти склучени од 2016 до 2018 година. Поради неисполнување на договорните обврски согласно роковите утврдени во динамиката за реализација на проектот за продукција (снимање) и рокот на завршување на филмот, непочитување на одредбите со кои се уредува затворањето на финансиска конструкција на буџетот во договорениот рок, не доставување на барања за продолжување на рокот заради затворање на финансиската конструкција и други одредби од договорите продуцентите на проектите врз основа на одлуките се задолжуваат да ги вратат доделените средства кои се утврдени во вкупен износ од 69.421 илјади денари. Со увид во документацијата која произлегува од раскинувањето на договорите, ревизијата констатира дека директорот на Агенцијата нема постапено по четири Одлуки од Управниот одбор донесени во 2018 година за престанок на финансирање на филмски проекти од 2010 година, односно не се изготвени решенија за задолжување на продуцентите за износот на средствата што треба да ги вратат на сметката на Агенцијата, за исплатени средства во вкупен износ од 7.580 илјади денари презентирани во Прилог бр.2.

Поради ненавремено преземање на активности за раскинување на договорите за финансирањето на филмските проекти во изминатиот период од страна на Агенцијата не се остварува целосност и точноста на евиденцијата за реализираните проекти за филмовите.

Препорака

Одговорното лице на Агенцијата да преземе мерки и активности за навремено следење на реализацијата на договорите за финансирање на филмските проекти, а доколку не се почитуваат одредбите од склучените договори да се пристапи кон нивно раскинување и преземање на мерки за поврат на доделените средства.

4.2.9. Заради финансирање на филмски проект – долгометражен игран филм со малцински македонски удел во 2017 година пристапено е кон склучување на Преддоговор[5] со вкупен буџет на филмот од 92.250 илјади денари, во кој Агенцијата учествува со средства во износ од 6.500 илјади денари. Заклучно со 2021 година за овој филм од страна на Агенцијата исплатени се средства во износ од 5.200 илјади денари (од кои во 2021 година се исплатени 4.875 илјади денари) или 80% од делот за финансирање кој припаѓа на Агенцијата.
Согласно со член 38 од Законот за филмската дејност и член 6 од Преддоговорот за склучување на главен договор, продуцентот има обврска да ја доставува потребната документацијата до Агенцијата. По извршената проверка од страна на службите утврдени се одредени забелешки, по кои во периодот од 2018 до 2019 година продуцентот прави измени во доставената документација и во делот на учеството на државниот буџет во креативните позиции во филмот кои се разликуваат со позициите во апликацијата доставена по објавениот конкурс. Поради наведеното и приближување на крајниот рок за затварање на финансиската конструкција Управниот одбор на 05.04.2019 година носи Одлука за престанок на финансирање на проектот а директорот со Решение го раскинува преддоговорот за финансирање на проектот. Во периодот по поднесување на тужба од страна на продуцентот и доставен одговор до погрешен примач на 13.09.2019 првострепениот суд носи пресуда во корист на тужителот, поради неподнесување на одговор на тужба со што ја задолжува Агенцијата на тужителот да му ги надомести процесните трошоци во износ од 71 илјади денари. По одбивање на поднесената жалба од страна на Агенцијата до второстепениот суд на 05.02.2021 година склучува Договор[6] за финансирање на проект – долгометражен игран филм со македонски малцински удел и со Решение од 19.04.2021 година исплатени се 80% од надоместокот на договорот. По извршен увид во доставената банкарска гаранција ревизијата утврди дека истата е со рок на важност до 15.02.2022 годна, истата не е продолжена, ниту пак службите на Агенцијата презеле мерки за обезбедување на нова гаранција. До денот на вршење на ревизијата продуцентот нема доставен извештај за потрошените средства со прилог документација за исплата, што создава ризик филмскиот проект да не се реализира целосно а се исплатени 80% од вкупно одобрените средства без обезбедена банкарска гаранција.

[5] Преддоговор бр.08-263/4 од 03.04.2017 година
[6] Договор бр.08-219/6 од 05.02.2021 година

Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставено е Известување бр.08-449/1 од 06.03.2023 година до продуцентската куќа да обезбеди нова банкарска гаранција согласно одредбите во договорот.

Препорака

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки за воспоставување на контроли за следење на роковите за постапување и доставување на документите до соодветните надлежни органи.

4.2.10. Кај еден долгометражен филм со македонски малцински удел за кој се исплатени средства во износ од 21.000 илјади денари во период од 2019 до 2021 година, што преставува 90% од вкупниот износ на средства одобрени за проектот, ревизијата го утврди следното:

- во досието за проектот недостасува Прашалник за успешност на режисерот, што не е во согласност со член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за филмската дејност;
- доставено е полномошно на англиски јазик од странскиот сопственик на сценариото со кое го овластува сценаристот да потпишува во негово име, истото не е преведено на македонски јазик, што не е во согласност со член 14 од договорот;
- продуцентот не доставил договори со други продуценти, правни и физички лица со кои потврдува дека ги обезбедил во целост средствата предвидени во буџетот на проектот, поради што по склучување на преддоговорот доставени се три барања за обезбедување на дополнителни средства од Агенцијата. Поради истекување на крајниот рок за затварање на финансиската конструкција и не доставената документација за прогресот на проектот, во периодот од 2018 до 2019 година поднесени се три барања[7] до Агенцијата за продолжување на рокот на две години и доделување на дополнителни средства во износ од 10.000 илјади денари. Еден од предметите е доставен на барање за разгледување до Управен одбор, по што на 25.07.2018 година се одбива, додека по останатите две барања, се носи Одлука[8] од 24.01.2019 година со која се одобруваат барањата, без да даде подетално образложение дали дополнително доделените средства се оправдани;
- согласно донесените одлуки на Управен одбор пристапено е кон склучување на три анекси на договорот (едниот за зголемување на буџетот со кој Агенцијата ќе го финансира проектот, другите два за продолжување на рокот за реализација) и истите не се солемизирани на нотар, што не е во согласност со член 38 од Законот за филмската дејност.

---

[7] Прво Барање поднесено на 02.03.2018 година, другите две барања поденсени на 09.01.2019 година

[8] Одлука бр.02-119/2 од 24.01.2019 година за доделување на дополнителни финансиски средтсва и продолжувањена рокот за затварање на буџетот на проектот

По истекување на рокот на третиот анекс на договор[9] на 20.06.2022 година и покрај укажување на стручните служби, до денот на вршење на ревизијата не е пристапено кон склучување на нов анекс за продолжување на рокот.
Во текот на 2022 година до Агенцијата доставен е записник за предадена копија од филмот во Кинотека на РСМ, а со Решение за преведување на средства исплатени се 90% од вкупниот износ на одобрени средства за филмскиот проект, по претходно доставена банкарска гаранција со рок на важност до 10.07.2022 година. До денот на вршење на ревизијата стручните служби на Агенцијата немаат побарано продолжување на банкарската гаранција, не е организирана премиера на филмот и не се доставени финансиски извештаи со пропратна документација, што не е во согласност со член 5, 6 и 24 од договорот.

Констатираните состојби кои се однесуваат на не склучувањето на анекс на договор по неговото истекување и не доставување на нова банкарска гаранција предвидени со ЗФД и склучените договори влијае филмскиот проект да не се реализира во целост согласно одредбите од договорот, иако за истиот се исплатени 90% од вкупно одобрените средства на Агенцијата.

Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставено е Известување бр.08-469/1 од 08.03.2023 година за достава на банкарска гаранција согласно одредбите во договорот и Известување бр.08-469/2 од 29.03.2023 година од продуцентската куќа за одржување проекција од затворен тип.

Препорака
Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за:
- следење на реализацијата на филмските проекти и
- навремено склучување на договори и анекс на истите.

4.2.11. Со извршениот увид во склучениот договор и реализацијата на проектот одобрен со Одлука за прифаќање на проекти по Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм[10].
Утврдивме дека е финансиран долгометражен игран филм со мнозински македонски удел, со износ кој го надминува законски предвидениот максимум за висината на учеството на Агенцијата во финансирање на филмски проекти од најмногу 70% од вкупниот буџет на филмскиот проект предвиден со член 29 од Законот за филмска дејност, со што се одобрени 3.186 илјади денари, што

[9] Анекс на договор бр.08-115/12 од 23.03.2022 година
[10] Бр. 02-1838/3 од 06.12.2018

претставува 7 % повеќе од вкупниот буџет на филмскиот проект.

Во текот на реализацијата на проектот и исплатени 90% од средствата одобрени од Агенцијата, продуцентот ја известил Агенцијата дека по конкурс објавен на ден 31.12.2020 година со Одлука[11] на Филмскиот центар на странска држава на продукциската куќа за соодветниот проектот му била одобрена финансиска поддршка во износ од 25.000 евра, согласно што е извршена промена на финансискиот план и буџетот на филмот составен дел на основниот договор кој продуцентот го потпишал со Агенцијата. Врз основа на наведеното донесена е Одлука на УО[12] и склучен е Анекс на основниот договор[13] за намалување на вредноста на проектот за износ од 1.267 илјади денари, а со нов финансиски план и буџет е извршена промена во одобрените износи на средства на сите позиции а со тоа и групи на средства, а не само во делот на ново одобрените средства, извршена промена на една од копродукциските куќи и промена на учеството на копродуцентските куќи во вкупниот буџет на проектот. Извршените промени не биле предмет на разгледување и одобрување од страна на УО бидејќи истото и не било побарано со поднесеното барање од страна на продуцентската куќа носител на проектот. Дополнително, во доставената документација не е приложен копродукциски договор со ново примената продукциска куќа, ниту потврда дека истата ги потврдила дополнителните средства која требала да ги обезбеди, согласно ново приложениот финансиски план.

Со извршениот увид во реализацијата на средствата обезбедени од Агенцијата утврдивме дека со истите се платени фактури за испорачани опрема и услуги во услови кога во ново доставениот финансиски план не биле прикажани планираните средства од сите учесници во финансирањето на македонскиот дел од обезбедениот буџет по ставки.

Наведената состојба не е во согласност со член 19 од склучениот договор согласно кој доколку во текот на реализацијата на филмот настанат промени кои се однесуваат на авторскиот дел од екипата, договор или буџет, на план за реализација и динамика на исплата и друго, продуцентот е должен писмено да ја извести Агенцијата во рок од 8 дена од моментот на настанувањето на промената и да бара потврда или одобрение на истата односно настанатите промени кои биле одобрени од страна на УО не кореспондираат со доставената нова документација прилог на изменетиот договор.

Со забелешките од страна на Агенцијата доставен е доказ за извршена промена на буџетот бр.08-132/4 од 08.02.2023 година и Извештајот бр.08-132/5 од 08.02.2023 година за 90% потрошени средства на доделените средства, како и потврди за обезбедени дополнителни средства од продуцентските куќи.

---

[11] Бр. 01-078/21-770 од 15.07.2021 година
[12] Бр. 02-1428/2 од 08.10.2021 година
[13] Бр. 08-23/19 од 25.10.2021 година

Препорака

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат мерки и активности за следење на реализација на филмските проекти, воспоставување на контроли при одобрување на одредени промени во финансискиот план врз основа на склучен Анекс на основниот договор и да склучат копродукциски договор со ново применета продукциска куќа.

4.2.12. Кај еден долгометражен филм со малцински македонски удел за кој се исплатени средства во износ од 4.784 илјади денари, што претставува 80% од вкупниот износ одобрен за проектот ревизијата го утврди следното:

- отстапување во податоците наведени во пријавата кој се однесува на учеството на државјани на РСМ во креативниот дел од филмската екипа и документот - Детален опис на филмот составен дел од солемнизираниот договор согласно која се потврдува ангажираната филмска екипа. Дотолку повеќе што согласно член 10 од Правилникот еден од критериумите за оцена е и учеството на државјани на РСМ во креативниот дел од филмската екипа, што значи дека извршената евалуација била извршена врз основа на непотврдени податоци. Истата состојба се однесува и за критериумот вкупно обезбедени средства во однос на вкупниот буџет на проектот кој е наведен во пријавата не соодветствува со приложената документација со што не се потврдува дека во целост се покриени средствата кои како обезбедени се наведени во пријавата.
- Согласно одредбите од склучениот договор помеѓу Агенцијата и продуцентот, за обезбедување на средства доделени за реализација на филмскиот проект продуцентот е должен да обезбеди банкарска гаранција во одреден процент од вкупниот износ на доделените средства. Од страна на продуцентот доставена е банкарска гаранција на износ од 1.196 илјади денари, што преставува 25% од одобрените средства за реализација на проектот, со важност до 01.06.2021 година. Со истекот на важноста на банкарската гаранција продуцентот бил должен да достави нова банкарска гаранција со соодветен рок на важност утврдени со договорот, а тринаесет месеци по истекот на важноста на банкарската гаранција Агенцијата со известување[14] бара од продуцентот продолжување на важноста на истата, по која не е постапено до периодот на вршење на ревизијата.

  Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставена е Банкарска гаранција издадена на ден 02.02.2023 година со рок на важност до 31.05.2023 година.
- Со извршениот увид во доставениот оперативен план/динамика на реализација на проектот снимањето е извршено во согласност со истите согласно кои

[14] бр. 08-1036/1 од 27.07.2022 година

проектот треба да заврши со премиера во РСМ во текот на месец октомври/ноември 2021 година. Поради тоа што нема доказ дека е побарано промена на динамиката/оперативниот план, за кој е потребно согласност од Агенцијата, истиот останува во сила. Имајќи во предвид дека согласно податоците објавени во средствата за јавно информирање проектот во текот на 2022 година учествува на фестивали, продуцентот е должен да се придржува до финансискиот и оперативниот план кои се составен дел на договорот и истиот е должен после секоја фаза од реализацијата на филмскиот проект до Агенцијата да доставува извештај за потрошените средства што е услов за добивање на средства од Агенцијата за следната фаза од реализацијата на филмскиот проект согласно член 39 став 3 од ЗФД. До периодот на вршење на ревизијата од страна на продуцентската куќа не е доставен наративен и финансиски извештај со документација за потрошените средства до 80% од одобрените средства.

Наведените состојби на непочитување на одредбите од ЗФД и одредбите од склучените договори имаат влијание во изборот на соодветните проекти, обезбедувањето на средствата доделени од Агенцијата и непочитувањето на планираните рокови за реализација на соодветните проекти.

Препорака

Одговорното лице да обезбеди доследно почитување одредбите предвидени во ЗФД и одредбите од склучениот договор во кој се уредени правата и обврските на договорните страни при реализација на филмскиот проект.

## 4.3. **Финансиски извештаи**

4.3.1. Со решение[15] на директорот на Агенцијата формирана е комисија за попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба 31.12.2021 година и усогласување на сметководствена со фактичката состојба.

Со извршениот увид во пописниот материјал за 2021 година ревизијата ги констатира следните состојби:

- формирана е комисија за попис, без да бидат определени работите што треба да ги изврши комисијата и лицата кои материјално се задолжени за средствата, ниту со интерен акт се утврдени надлежностите кои се однесуваат на пописот и усогласување со сметководствената евиденција, во рок и на начин како што е предвидено со член 30 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Притоа со решение[16] донесено од директорот рокот за извршување на пописот се продолжува до 11.03.2022 година, а Извештајот за извршен попис

[15] 03-1675 од 29.12.2021 година
[16] број 03-409/1 од 02.03.2022 година

од страна на Управниот одбор е усвоен во јули 2022 година, поради што не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба како што е предвидено со член 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;

- од страна на пописната комисија не се изготвени пописни листи за извршен попис на постојаните средства искажани во Билансот на состојба во вкупен износ од 7.377 илјади денари за кои е воспоставена материјалната евиденција со податоци за вредноста, но сите средства не се обележани со инвентарни броеви, што не е во согласност со член 31 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е пропишано дека пописната комисија изготвува пописни листи со вредносни и натурални показатели кои претставуваат сметководствен документ за вредносно усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- пописот на побарувањата и обврските е извршен со преземање на податоци од сметководствената евиденција, без да се утврди правниот основ по кој настанале, нивната староснa структура и преземените мерки за нивна наплата односно дали истите се правилно утврдени, хронолошки и навремено евидентирани, како што е предвидено со член 29 и член 31 в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Непочитувањето на законските и подзаконските акти при спроведување на пописот оневозможува да се утврди фактичката состојба на средствата, побарувањата и обврските и усогласување со сметководствената состојба, што не овозможува усогласување на состојбата и влијае врз нивното реално и објективно искажување во Билансот на состојба на ден 31.12.2021 година.

Препорака

Одговорното лице на Агенцијата да превземе мерки и активности:

- да се донесе интернет акт за начинот на вршење попис на средства и нивните извори и усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- вршење на пописот и изготвување на Извештајот од извршениот попис во законски предвидениот рок;
- пописната комисија да изготвува пописни листи по извршениот попис на сите средства, побарувања и обврски со кои располага Агенцијата и обезбеди внесување на потребните податоци, како и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и
- со попис на побарувањата и обврските да се утврди правниот основ по кој настанале и нивната староснa структура и преземените мерки за нивна наплата.

4.3.2. На крајот на 2021 година неизмирените краткорочни финансиски обврски по основ на доделени средства за финансирање на филмски проекти се искажан во износ од 556.762 илјади. Обврските кои Агенцијата ги евидентира спрема продуцентските куќи се искажани во вкупен износ на доделени средствата по Одлука за прифаќање на филмот донесена од страна на Управниот одбор а по склучување на преддоговор за исплата на аванс (кој изнесува до 5%), без да биде склучен договорот за финансирање на филмскиот проект кој е предвиден со член 35 од ЗФД. Склучувањето на договорот за финансирање на филмски проект, согласно законот е во период од 2 години од денот на склучување на преддоговорот, кога од страна на продуцентската куќа треба да бидат доставени договорите со другите продуценти и банкарската гаранција, како и финалниот буџет на филмот. Со цел да се потврдат искажаните состојби на обврските во деловните книги на Агенцијата ревизијата изврши анализа и усогласувања на салдата на обврските по пат на испратени конфирмации, при што утврдивме дека  за дел од добиените повратни конфирмации од продуцентските куќи не се потврдени обврските односно продуцентските куќи немаат искажано побарувања од Агенцијата поради не склучен договор за финансирање на филмски проект.

Евидентирање на краткорочните финансиски обврски во деловните книги на Агенцијата без да има склучен договор помеѓу филмскиот продуцент и директорот на Агенцијата, не е во согласност со член 19 точка 5 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници со кој е уредено дека билансните позиции на обврските се признаваат според договорените износи во договорот. Наведеното има влијание на погрешно проценување на билансните позиции преку прикажување на обврските во поголем износ од 405.780 илјади денари, што е прикажано во Прилог бр 3.
Со забелешките од страна на ревидираниот субјект доставени се книговодствени картици за извршена корекција на краткорочните финансиски обврски во износ од 280.500 илјади денари за кои Агенцијата нема склучено договор за финансирање на филмскиот проект.

Препорака:
Одговорното лице на Агенцијата да продолжи со активностите за анализа и усогласување на салдата на краткоточните финансиски обврските во Билансот на состојба и признавање на обврските според договорените износи во договорот за финансирање на филмски проекти избрани на конкурс.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. Во текот на 2018 година Агенцијата и Друштвото на филмски работници склучуваат Меморандум за соработка[17] со кој се утврдува рамката во која ќе се реализира соработката помеѓу двете страни за работи од заеднички интерес, а која произлегува од потребата за развој и унапредување на филмската дејност. Меморандумот е со важност од 5 години, а доколку во периодот на важност на истиот или најдоцна 30 дена пред истек на важноста нема писмено барање за негово отповикување одобрено од двете страни, истиот продолжува со важност и во следните 5 години. Меморандумот предвидува Агенцијата да исплаќа одреден надоместок зависно од потребите за непречено работење на Друштвото и врз основа на заклучок на седница на УО на Агенцијата[18] се склучува договор за финансиска поддршка во остварување и реализација на меѓусебна соработка[19] со кој се регулираат правата, обврските и начинот на користење на средствата доделени на друштвото.
Врз основа на склучениот договор на друштвото и се одобрени средства во месечен износ од 120 илјади денари, односно во текот на 2021 година е исплатен вкупен износ од 1.200 илјади денари (840 илјади денари од сметката на основен буџет и 360 илјади денари од сметката од самофинансирачки активности 787), кои треба да се трошат за:

- тековно одржување и организациски развој на друштвото,
- активности поврзани со членување во други меѓународни организации и
- преземање други активности поврзани со унапредувањето на филмската дејност во рамките на меморандумот.

Согласно анексот за измена и дополнување на склучениот договор[20] средствата можат да се трошат и за промоција, печатење на рекламен материјал, изработка на печатена брошура за филмски работник, изработка на веб страница односно ангажирање на програмер и дизајнер и за други проекти предвидени во програмата на друштвото.

Со увид во склучениот меморандум за соработка, договорот за финансирање и доставните извештаи и финансиска документација од страна на Друштвото ревизијата утврдивме дека:

- Агенцијата, меѓу другото, има надлежност да соработува со здруженијата од областа на филмската дејност како што е уредено со член 10 од Законот за филмската дејност, но со истиот не е утврдена надлежност за финансирање на нивното работење, поради што за склучување на договорот за финансирање на друштвото не се во согласност со закон. Друштвото ги користело исплатените

[17] Бр.03-1057/1 од 06.2018 година
[18] Седница на УО одржана на 05.06.2018 година
[19] Бр.03-1021/2 од 07.06.2018 година
[20] Бр.03-1071/14 од 27.11.2018 година

средства за покривање на трошоците од тековното работење, како што е предвидено со договорот, и тоа: за ангажирање на офис менаџер за потребите на друштвото, адвокатски, сметководствени, ревизорски, консултантски и други услуги, за закуп на деловен простор, за членување на меѓународни организации, за патување во странство и угостителски услуги и други трошоци.

- Извештајот за извршените трошоци и поткрепувачката документацијата за доделените средства од страна на Агенцијата, Друштвото ги има доставено во месец септември 2022 година, наместо до крајот на 2021 година, а Агенцијата, до денот на ревизијата, не извршила контрола на наменското и законското користење на средствата, што не е во согласност со член 5 и 9 од договорот за финансирање на друштвото. Поради наведеното не е утврдено дали доделените средства се користеле наменски и законски и дали постои основ за донесување на решение со кое ќе се прекине понатамошното финансирање на друштвото и раскине договорот, а Агенцијата продолжува со финансирањето на друштвото и во текот на 2022 година.

Наведените состојби за исплати од страна на Агенцијата кои се наменети за финансирање на работењето на Друштвото имаат влијание врз законското користење на средствата како и врз развојот, производството, промоцијата, дистрибуцијата и јавното прикажување на филмови што претставува јавен интерес на државата.

Препорака

Органите на раководење и управување на Агенцијата да преземат активности за:

- преиспитување на основот за финансирање на работењето на друштвото со склучениот договор за финансиска поддршка во остварување и реализација на меѓусебна соработка и
- да не се вршат исплати на друштвото доколку нема законски основ.

4.4.2. Со анализа на структурата на направените трошоци по позиции при реализација на проектите, утврдивме дека значителен дел од трошоците неопходни за реализација на едно филмско дело или фестивал се исплаќаат преку авторски договори на лица кои се ангажирани во реализација на креативниот дел од проектот и општи договори со лица ангажирани на останати позиции. По извршен увид во досиејата на филмските проекти и фестивали кои беа предмет на ревизија утврдивме слабости за кои во текот на 2021 година по овој основ исплатени се средства во вкупен износ од 8.004 илјади денари, од кои 5.602 илјади денари од сметката на основен буџет и 2.401 илјади денари од сметката на буџет од самофинансирачки активности 787, кои ревизијата ги презентира во Прилог бр.4, а се однесуваат на:

- исплатени надоместоци без приложена поткрепувачка документација, односно пресметка на хонорарот според вистински сработени денови, во вкупен износ од 4.994 илјади денари;
- трошоците се распоредуваат на несоодветни ставки од финансискиот буџет во износ од 1.251 илјади денари, кои не се соглсно намената;
- склучени се договори за продукциски сметководител и благајник со едно исто лице, што доведува до непостоење на контроли и слабости во благајничкото работење;
- склучено авторски договори со лица за работи и работни задачи кои воопшто не биле предвидени во буџетот на проектот во вкупен износ од 306 илјади денари;
- исплатени надоместоци во износ од 820 илјади денари врз основа на склучени договори ретроактивно и пред извршена селекција по конкурс;
- исплатени надоместоци во износ од 152 илјади денари без приложен договор;
  Со забелешките од страна на ревидираниот субјект приложен е договор од страна на еден продуцент што недостасуваше во досието за соодветниот проект.
- исплатени хонорари во износ од 481 илјади денари врз основа на еднострано потпишани договори (продуцент или изведувач).

Наведените состојби не се во согласност со член 12 и 13 од склучените договори и член 39 од ЗФД, што има влијание на наменското користење на средствата од страна на продуцентските куќи кај проектите за кои констатирани наведените состојби.

Препорака
Одговорното лице да ги задолжи надлежните лица при вршење на увид во документацијата на продуцентските куќи за потрошените средства, да преземат мерки за:

- воспоставување на редовна контрола од страна на Агенцијата при реализација на филмските проекти за придржување до финансискиот и оперативниот план кои се составен дел на договорот и потврдување на наменското користење на средствата и
- исполнување на обврската од страна на корисниците на средствата - продуцентските куќи во поглед на доставување на комплетна документација, ангажирање на лица на позиции предвидени во финансискиот план и распоредување на хонорарите на соодветната ставка од финансискиот план.

4.4.3. Во доставените финансиски извештаи за реализацијата на проектите, од страна на продуцентските куќи и фестивалите се приложуваат фактури, договори и друга документација. По извршен увид на досиејата на филмските пректи и фестивали кои беа предмет на ревизија утврдвме слабости за кои текот на 2021 година по овој основ исплатени се средства во вкупен износ од 14.712 илјади денари, од кои 10.298 илјади денари од сметката на основен буџет и 4.414 илјади денари од

сметката на буџет од самофинансирачки активности 787, кои ревизијата ги презентира во Прилог бр.5, а се однесуваат на:

- дел од фактурите за набавка на стоки за потребите на проектот, авионски карти, транспорт, кетеринг, угостителски и хотелски услуги во висина од најмалку 13.394 илјади денари исплатени кон фирми во земјата и во странство од страна на продуцентските куќи не е доставена и поткрепувачка документација (испратници, договори, царинска документација, боардинг тикети, список на хотелски гости итн) како доказ за реално на направениот трошок. Наведеното е утврдено кај три ДФ, еден КФ и четири фестивали при што голем дел од фактурите немаат потпис и печат од одговорното лице или друго лице како потврда за прием на стоката или услугата;

  Со забелешките од страна на ревидираниот субјект приложена е поткрепувачката документација која недостасуваше во досието на еден продуцент како доказ за реално направениот трошок.
- преземени се обврски кои не се предвидени во финансискиот план на име режиски трошоци за 2 стана од месец октомври 2020 година до месец мај 2022 година на износ од 508 илјади денари за кои не може да се потврди дека претставуваат расходи за потребите на проектот (кај еден ДФ), бидејќи не гласат на пријавената адреса на продуцентската куќа со назнака за потребите на проектот, а истовремено за истите не е приложен договор за закуп за соодветните објекти ниту е исплатен надоместок по истиот основ до моментот на ревизијата;
- извршено распоредување на трошоците на несоодветни ставки предвидени во финансискиот план во износ од 320 илјади денари кај два ДФ и еден КФ утврдивме, со што не може да се потврди користење на доделените средства според намената;
- кај еден фестивал платена е фактура во износ од 117 илјади денари без приложен договор, а кај два фестивала платени се фактури со дата по завршување на фестивалот во иснос од 373 илјади денари.

Ваквиот начин на работење без целосна контрола од страна на Агенцијата за наменското трошење на доделените средства, не е во согласност со одредбите на член 12 и 13 од склучените договори и член 39 од ЗФД каде продуцентот се обврзува сите средства доделени од Агенцијата да ги користи според ставките наведени во буџетот, што има влијание на наменското трошење на доделените средства.

Препорака

Одговорното лице да ги задолжи надлежните лица при вршење на увид во документацијата на продуцентските куќи за потрошените средства, да преземат мерки за:

- воспоставување на целосна контрола од страна на Агенцијата при реализација на филмските проекти, наменското трошење на доделените средства, според ставките наведени во буџетот и
- исполнување на обврската од страна на корисниците на средствата - продуцентските куќи во поглед на доставување на комплетна документација и распоредување на трошоците на соодветната ставка од финансискиот план.

4.4.4. По извршениот увид во досиејата на филмските проекти кои беа предмет на ревизија и доставената документација за потрошените средства за реализација на филмските проекти кои се однесуваат на извршени набавка за кои се подигани парични средства од наменската сметка на филмскиот проект и исплатени во готово утврдивме слабости кои укажуваат на неисполнување на обврската од страна на корисниците на средствата - продуцентските куќи, утврдени со член 39 од ЗФД и нецелосно воспоставени контроли над наменското користење на средствата кои согласно член 10 од ЗФД се надлежност на Агенцијата.

Утврдените слабости во вкупен износ од 1.153 илјади денари, од кои 807 илјади денари од сметката на основен буџет и 346 илјади денари од сметката на буџет од самофинансирачки активности 787, ревизијата ги презентира во Прилог бр.6, а се однесуваат на:

- нередовно изготвување на дневник на благајна или некомплетно пополнување на истиот;
- невоспоставено задолжување/раздолжување на благајната или лицето при подигање на паричните средства од наменската сметка на проекотот при исплата на аванс, а се приложуваат сметки и списоци за исплатите;
- не приложени фискални сметки или се нечитливи, сметко потврди кои не се пополнети со што и неможе да утврди што е набавено и во колкав износ
- исплата на трошоци (такси услуги, патарини, гориво, нотарски услуги, угостителски услуги, лабораторски услуги итн.) во финансискиот извештај за проектот се прикажани друга ставка (кетеринг, закуп, фотокопирни услуги или други) и
- исплата во готово на физички лица по потпишана потврда за примени дневници без приложена поткрепувачка документација.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со наведените одредби од ЗФД и со член 13 од склучените договори каде продуцентот се обврзува средствата доделени од Агенцијата да ги користи според ставките наведени во буџетот и за истите редовно да се составува благајнички извештаи, а Агенцијата да врши контрола, што има влијание на потврдување на наменското трошење на доделените средства од Агенцијата.

Препорака

Одговорното лице да ги задолжи надлежните лица при вршење на увид во документацијата на продуцентските куќи за потрошените средства, да преземат мерки за:

– воспоставување на целосна контрола на доставената документација за потрошените средства за реализација на филмските проекти и потврдување на наменското користење на средствата и
– исполнување на обврската од страна на корисниците на средствата - продуцентските куќи во поглед на доставување на навремена, целосна и точна документација со која ќе се потврди кои трошоци и за кои потреби се направени, како и навремено целосно и точно евидентирање на настанатите деловни промени во благајничките дневници.

Основ за изразување на мислење

Вкупен ефект од изнесените наоди, во точките 4.2., 4.3. и 4.4., кои се основ за изразување мислење, се:

- недонесена Стратегија за развој на филмската дејност;
- недонесени деловници за работа и слабости во делот на активностите на филмските советници, рецензенти и на финансискиот советник;
- при објавување на конкурси за доделување на филмски проекти не се почитувани задолжителните услови и критериуми од ЗФД, ниту пак има донесено интерен акт-процедура со која ќе бидат утврдени сите активности и чекори кои се преземаат при спроведување на постапката по конкурсот;
- невоспоставени контроли во исполнувањето на условите од страна на продуцентските куќи пред склучување на договорите и во сите фази од реализацијата на договорите;
- неажурна евиденција на доделените проектите во сите фази на реализација и не преземени мерки за раскинување на доделените договори кај проекти кај кои е утврдено непочитување на одредбите од договорите;
- констатирани слабости во склучените договори со продуцентските куќи;
- нецелосен и несоодветно извршен попис на средствата и обврските согласно законските прописи и слабости во благајничкото работење;
- воспоставен начин на евидентирање на обврските по потпишување на преддоговор за финансирање на филмски проекти влијание на погрешно проценување на билансните позиции и прикажување на краткорочни финансиски обврските во поголем износ од 405.780 илјади денари;
- недоследности во доделените средства на Друштвото врз основа на меморандумот за соработка, договорот за финансирање и доставните извештаи и финансиска документација и

